**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

**До: д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 29 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19), се доставува

**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН АДМИНИСТРАТИВЕН НАДЗОР**

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни
медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: | 28-05-2019 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 03 | 2925 | 1 | |

1. **Вид надзор:** вонреден

2. **Субјект на надзорот:** Трговско радиодифузно друштво АЛФА ТВ ДООЕЛ Скопје

3. **Датум на извршување на надзорот:** 28 мај 2019 година

4. **Предмет на надзорот:** Член 22 од Правилникот за минимални технички, просторни, финансиски и кадровски услови за добивање дозвола за радио и телевизиско емитување (бр. 01-5774/1 од 21.11.2014 година, изменет на 08.05.2015 година), според кој *„Бројот и структурата на вработените лица за телевизија на државно ниво која емитува програма терестријално, од општ формат, треба да биде 80 (осумдесет), од кои 30 (триесет) со висока стручна спрема (ВСС), вработени како новинари".*

5. **Претходно изречена мерка:** /

6. **Констатации од надзорот:** Со надзорот е констатирано дека ТРД АЛФА ТВ ДООЕЛ Скопје <u>ги исполнува минималните кадровски услови</u> утврдени во Правилникот за минимални технички, просторни, финансиски и кадровски услови за добивање дозвола за радио и телевизиско емитување.

   <u>Образложение:</u> При увид во податоците за сопственичката структура, уредниците и економското работење на ТРД АЛФА ТВ ДООЕЛ Скопје во 2018 година Агенцијата констатираше дека на 31.12.2018 година, вкупниот број на вработени во телевизијата изнесувал 104 лица, од кои како новинари со висока стручна спрема биле ангажирани 28 лица. Поради тоа, на 08.05.2019 година Агенцијата со писмен допис (наш бр.03-2594/1) побара од радиодифузерот, во рок од седум дена од денот на приемот на дописот, да достави документи од коишто ќе може да се констатира дека ги исполнува минималните кадровски услови утврдени во Правилникот.

   Од документите коишто радиодифузерот ги достави во Агенцијата на 17-ти и 28-мај 2019 година (Преглед на пријави/одјави во задолжително социјално осигурување за деловен субјект, заклучно со 14.05.2019, издаден од Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија, копии од Пријава/Одјава во задолжително социјално осигурување – Образец М1/М2 за три лица, осум договори склучени помеѓу радиодифузерот и осум физички лица и копии од дипломи/уверенија за високо образование за осум лица) е видно дека <u>во телевизијата се вработени вкупно 89 лица, од кои 30 со висока стручна спрема, ангажирани како новинари.</u>